ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-301/8**

**Дата:12.04.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на донаторската сметка - Проект за реконструкција на ОУ "Браќа Рибар" Табановце, Општина Куманово, прикажани на страна 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката за донации, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Зоран Дамјановски, градоначалник на општина Куманово во 2008 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 и 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овие извештаи е планирана и извршена на 12.02.2010 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива, и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

***Овластен државен ревизор***

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентација на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно во сите значајни аспекти финансиската состојба на Сметката за донации - Проект за реконструкција на ОУ „Браќа Рибар„ Табановце, Општина Куманово на 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Сметката за донации - Проект за реконструкција на ОУ „Браќа Рибар“ Табановце, Општина Куманово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 09.04.2010 година

Овластен државен ревизор

## СМЕТКА НА ДОНАЦИЈА-ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОУ “БРАЌА РИБАР„ ВО С.ТАБАНОВЦЕ ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2008 ГОДИНА

### БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| **Трансфери и донации** | | | |
| Донации од странство | 3.1.1. | 2.067 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **2.067** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 49 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **49** | **0** |
| **Капитални расходи** | 3.3.1 | **2.008** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **2.057** | **0** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **10** | **0** |

**СМЕТКА НА ДОНАЦИЈА-ПРОЕКТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОУ „БРАЌА РИБАР’ ВО с.ТАБАНОВЦЕ ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2008 ГОДИНА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 10 | |
| **Вкупно тековни средства** | | **10** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **10** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 10 | |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **10** | **0** |